**20252484839**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Врз основа на член 52 став (4) од Законот за стручно образование и обука („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 3/25 и 74/25), министерот за образование и наука, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА СТРУКТУРАТА, ОРГАНИЗАЦИЈАТА И НАЧИНОТ НА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИОТ ИСПИТ НА КРАЈОТ ОД ПОСТСРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува структурата, организацијата и начинот на реализацијата на специјалистичкиот испит на крајот од постсредното образование.

Член 2

Специјалистичкиот испит се полага по завршување на постсредното специјалистичко образование и претставува завршна проверка на стекнатите знаења, вештини и компетенции, согласно квалификациите од Македонската рамка на квалификации.

За полагање на специјалистичкиот испит кандидатот се пријавува со поднесување на пријава до установата за специјалистичко образование (во натамошниот текст: установата), најмалку 30 дена пред почетокот на испитниот рок.

Во пријавата од став 2 на овој член, кандидатот наведува дали полага цел испит или дел од испитот.

Член 3

Специјалистичкиот испит се реализира во најмалку три испитни рока во текот на учебната година.

Од страна на установата на почетокот на учебната година се определуваат испитните рокови и се истакнуваат на огласна табла и/или на интернет страницата на установата.

Член 4

Испитната програма за специјалистичкиот испит се изготвува за секоја квалификација од специјалистичкото образование и истата содржи детални упатства за организација и реализација на деловите на специјалистичкиот испит опишани во член 7 од овој правилник.

Член 5

Од страна на директорот на установата се формира испитна комисија која го спроведува специјалистичкиот испит.

Испитната комисијата од став 1 на овој член, е составена од три члена и нивни заменици, и тоа:

- претседател/заменик претседател - наставник со најмалку пет години работно искуство во областа,
- член/заменик член - наставник по стручни предмети од соодветниот сектор,
- член/заменик член - претставник од редот на социјалните партнери со кои установата има склучено меморандум за соработка или советник од Центарот за развој на стручното образование.

Член 6

Од страна на испитната комисија се врши:

- организирање и следење на спроведувањето на специјалистичкиот испит согласно испитната програма;
- обезбедување на услови за спроведување на стручно-теоретскиот и практичниот дел;
- проверување на знаењата, вештините и компетенциите на кандидатите;
- спроведување на оценувањето според утврдените критериуми во испитната програма;
- водење на записник за текот и резултатите од специјалистичкиот испит;
- обезбедување објективност, непристрасност и доверливост во оценувањето и
- подготвување извештај за резултатите од специјалистичкиот испит и доставување до одговорното лице за постсредно образование во установата.

Член 7

Специјалистичкиот испит се состои од два дела, и тоа:

- стручно-теоретски дел - проверка на теоретски знаења согласно испитната програма и
- практичен дел - се проверуваат вештините за изработка и/или изведба на практична задача.

Член 8

Стручно-теоретскиот и практичниот дел од специјалистичкиот испит можат да се реализираат во ист или во различни денови во рамките на еден испитен рок.

Член 9

Стручно-теоретски дел од специјалистичкиот испит се реализира во установата.

Практичниот дел од специјалистичкиот испит може да се реализира во установата, во компанијата каде што кандидатот ја обавувал специјалистичката практика или во друга организација која ги исполнува условите за полагање на практичниот дел од специјалистичкиот испит.

Член 10

За секој дел од специјалистичкиот испит се добива посебна оценка.

Резултати од специјалистичкиот испит се објавуваат најдоцна три дена од денот на завршувањето на специјалистичкиот испит.

Кандидат кој не положил еден или два дела од специјалистичкиот испит, може да ги полага во нареден испитен рок.

Член 11

За кандидатите со попречености се врши прилагодување на специјалистичкиот испит според видот на попреченост: интелектуална, физичка, сензорна попреченост, како што е продолжено време за полагање на специјалистичкиот испит, обезбедување на личен асистент или толкувач на знаковен јазик.

За кандидатите со аудитивна попреченост, задачите и упатствата се даваат писмено и визуелно.

За кандидатите со визуелна попреченост, задачите и упатствата се даваат писмено со Брајово писмо, зголемен фонт или во аудио форма.

При полагање на специјалистичкиот испит може да се користи и асистивна технологија: брајови дисплеи, звучни апликации, сигнализација, адаптирани ознаки и слично.

Член 12

За секој кандидат се води записник кој содржи: име и презиме, делови од специјалистичкиот испит, добиени оценки и потписи на членовите на испитната комисија.

Член 13

Конечните резултати од специјалистичкиот испит за кандидатите кои го положиле специјалистичкиот испит, се запишуваат во главната книга за специјалистички испит.

Член 14

Со денот на отпочнувањето на примената на овој правилник, престанува да важи Правилникот за структурата, организацијата и начинот на реализацијата на специјалистичкиот испит („Службен весник на Република Македонија” бр. 135/17).

Член 15

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува од учебната 2026/2027 година.

Бр. 18-15279/1
5 декември 2025 година
Скопје

Министер за образование
и наука,
проф. д-р **Весна Јаневска**, с.р.